# МАГДАЛЕНА МЛАДЕНОВСКА

Изложбен салон Дом на ЈНА Скопје
Изложбен салон Дом на ЈНА Скопје



Магдалена Младеновска е родена на ден 14. 04. 1963 во Крива Паланка. Дипломирала на скопската Ликовна академија 1989 во класата на Костадин Танчев — Динка. Младеновска живее и работи во Скопје со стан на булевар „АВНОЈ“ 108/39 во населба Аеродром.

ТЕЛ. (091) 417-294

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

— во нејзиниот роден град Крива Паланка во Домот на културата;
— во Прилеп во Домот на културата „Марко Цепенков“;
— во Скопје во салонот на ДЛУМ;
— во КО-РА, Домот на градежниците во Скопје.

ГРУПНИТЕ ИЗЛОЖБИ СЕ:

— Дипломската изложба во Дом на ЈНА во Скопје 1989 год.;
— во НУБ „Климент Охридски“ во Скопје 1990 год.;
— по повод примањето во ДЛУМ во салонот на ДЛУМ во Скопје;
— по повод 20 години постоење на Ликовна Академија во Скопје.

Добила и откупна награда на групната изложба во НУБ „Климент Охридски“ во Скопје за графиката во акватинта „Близначки“.

Магдалена Младеновска е екстатична сликарка за која е примарен говорот на бојата во нејзиниот полн интензитет. Првата асоцијација пак кога станува збор за егзалтација од бојата во модерното сликарство не води кон импресионизмот. Меѓутоа сликарството на Младеновска со своите белези примарни на тој план стои многу поблиску до **фовизмот** и неговата згусната колористична афективност. Фовистите, наспроти импресионистите кои неа ја раствараа во светлината, ја откриваа бојата во нејзината речиси елементарна, **„див (а)“** убавина, како еден вид трансцедентна праматерија. Оттука не случајно, и својот наслов фовизмот ГО добива според францускиот збор fauve што значи **див (а).** Значи, се работи за една посебна ликовна естетика што може слободно да се формулира со поимот **дива убавина.** Таа изворно се потпира пред сè на силната, афективна импулсивност, а не на грижата за мазнење и фино естетизирање на ликовниот материјал и мотив.

Сликарството на Магдалена Младеновска речиси инстиктивно црпи сокови од „дивата“, елементарна енергија на бојата, која во него се искажува како еден вид праговор на битието во неговата екстатична состојба. Оттука во потегот на оваа екстатична сликарка препознаваме чин на креативна радост, која е превасходна водителка на нејзината четкичка и имагинација. Тој потег е во добра мерка наивистички, сходно на неговата потчинетост на внатрешната спонтаност на емоциите. Но емотивната импулсивност ја нагласува само општата природа на тоа сликарство, неговиот сугестивен, широк и отворен ритам, кој никогаш не е агресивен. Боите на сликите на Младеновска, покрај емотивната, поседуваат во основа и една видливо нагласена ментална компонента, или подобро речено - содржина. Тие како да се супстанца на сонот и на некое далечно сеќавање на **загубениот рај.** Преку нив оваа сликарка е во потрага по она сублијно настроение или миг кој Матис го дефинира како „кондензација на сензациите“, со сугестија на нивниот психолошки праизвор.

Повеќе од јасно е дека Магдалена Младеновска е поклоник на светло озвучената палета. Но, нејзините слики не се беспоговорна апотеоза на химниската расположба на битието. Низ нив како изнијансиран психолошки лајтмотив провејува една суптилно нагласена меланхолија. Загадочните женски ликови на нив редовно се потонати во некоја блага отсутност и невиност на медитација. Иако ликовно доволно експресивно нагласени, тие понапред како да доаѓаат од пределот на сонот, отколку што се инкарнација на реалноста. Нивните често пати фрагментарни фигури-торза, покрај останатото, јасно говорат за тоа. Доминантни, тие на платната на Младеновска на некој начин ја инкарнираат женската психа на светот, тивката, таинствена меланхолија на мајчинството. Ниночките, другарките, мадоните и останатите таинствени дами на платната на Магдалена Младеновска, заедно, на некој начин ја заокружуваат во нејзиното сликарство благата визија за женското потекло на убавината и светот, или подобро речено на сеќавањето на нив. Тоа сеќавање е поетизирано и романтички носталгично, нејасно во својата психолошка основа, од една, и експресивно во својата ликовна транспозиција, од друга страна. Но, токму ова дејство, таквиот контраст, според нас, му дава посебна чар на ова сликарство што го создава надарена рака и сликарка со препознатлив идентитет.

Ефтим Клетников









# КАТАЛОГ

1. „Колку ли убаво мириса“
2. „Руска бела ноќ“
3. „Акт во розово со жолти цвеќиња“
4. „Грозје“
5. „Мојата мајка“
6. „Дамата со жолтите лалиња“
7. „Два портрета“
8. „Богородица — божја мајка“
9. „Во амамот“
10. „Другарки II“
11. „Рика Зараи“
12. „Денеска се разболев што ме гледате“
13. „Кловнот II“
14. „Несекојдневна фамилијарност“
15. „Лотоси“
16. „Кловнот I“
17. „Во кафеана“
18. „Другарки“
19. „Нинушка I“
20. „Бибе“

ДОМ ЈНА — СКОПЈЕ — МАРТ 1991.